# Општи услови за набавка на Групацијата ЕВН Македонија

Доколку не е наведено поинаку во договорот/нарачката/спогодбата, овие Општи услови за набавка се важечки и ги уредуваат правата, обврските и односите помеѓу Снабдувачот (Изведувачот) и Купувачот (ЕВН Македонија АД или друштвото во коешто ЕВН Македонија АД е основач или акционер). Двете страни, односно Снабдувачот (Изведувачот) и Купувачот, се сметаат за договорни страни. Општите услови за набавка на Купувачот се составен дел на договорот/нарачката/спогодбата, дури и ако се изречно исклучени од документите на Снабдувачот (Изведувачот) поврзани со нарачката. Сите услови на Снабдувачот (Изведувачот) кои се противречни или спротивни на овие Општи услови за набавка нема да се применуваат, дури и во случај кога извршувањето на работата на Снабдувачот (Изведувачот) во претходни наврати била неспорно прифатена и покрај запознаеноста на Купувачот со претходните услови на Снабдувачот. Овие Општи услови за набавка се објавуваат на интернет-страницата на Купувачот, вклучувајќи ги и сите промени на Општите услови кои стапуваат на сила од датумот на нивното објавување.

**Општи договорни услови**

1. Сите нарачки и измени во договорот/нарачката/спогодбата треба да бидат во писмена форма за истите да бидат полноважни. Освен доколку не е поинаку договорено со договор или во нарачката, единствено уредно потпишани договори и/или нарачки во писмена форма, но и во електронска форма, со валиден електронски потпис или валидно електронско одобрување од лица овластени од Купувачот, се полноважни и обврзувачки за Купувачот.

   Усните спогодби се важечки само кога се писмено потврдени од страна на Купувачот.

   Општите услови за набавка без договор/нарачка/спогодба се важечки единствено во случај кога нема претходно потпишан договор/нарачка/спогодба со Снабдувачот (Изведувачот) или доколку некои од условите не се дефинирани во договорот/нарачката / спогодбата.

   Правата, обврските и условите дефинирани во договорот/нарачката/спогодбата со Снабдувачот (Изведувачот) ги исклучуваат одредбите дефинирани во Општите услови за набавка утврдени во овој документ.

   Прифаќањето на договорот/нарачката/ спогодбата од страна на Снабдувачот (Изведувачот) подразбира прифаќање на условите и одредбите наведени во овие Општи услови за набавка, како и на податоците и налозите во конкретните договори/нарачки/спогодби. Разлики или дополнувања во друга документација на Снабдувачот (Изведувачот) која се однесува на овие Општи услови за набавка се сметаат за неприфатливи сè додека Купувачот не ги прифати истите во писмена форма.

   Отпочнувањето со испораката или изведбата на услугите или нарачките делумно или целосно според барањата во договорот/нарачката/спогодбата, се смета за прифаќање на сите одредби или услови дефинирани во Општите услови за набавка и договорот/нарачката/спогодбата, без разлика дали Снабдувачот (Изведувачот) го потврдил прифаќањето на договорот/нарачката/спогодбата.

2. Ако договорот/нарачката/спогодбата се заснова на понуда поднесена од страна на Снабдувачот (Изведувачот), тогаш таа понуда претставува составен дел од договорот/нарачката/спогодбата, освен доколку не е поинаку наведено во договорот/нарачката/спогодбата и освен доколку тое не е во спротивност со овие Општи услови за набавка.

**Цени**

3. Цените наведени во договорот/нарачката/спогодбата се фиксни сé до целосното спроведување на набавката, вклучувајќи и испорака до централниот магацин на Купувачот или до посебен објект на Купувачот наведен во договорот/нарачката/спогодбата. Цената вклучува и превоз, осигурување, пакување и сите други трошоци што може да настанат при испораката/извршувањето на работата/ услугите/пуштањето во употреба на локацијата на Купувачот, освен доколку не е поинаку договорено во писмена форма.

   Износите во договорот/нарачката/спогодбата склучен со домашен Снабдувач (Изведувач), односно друштво со деловно седиште во Република Северна Македонија, мора да бидат изразени во денари (МКД).

   Валутата во договорите склучени со странски снабдувачи (изведувачи) треба биде евра (EUR), американски долари (USD), британска фунта (GBP) или слична валута.

4. Производите се испорачуваат бесплатно до местото на испорака/извршување, спакувани, осигурани или истоварени, освен ако не е поинаку наведено во договорот/нарачката/ спогодбата. Дополнителни услуги кои се наплаќаат врз основа на временска рамка може да се обезбедуваат еднствено со претходна согласност на Купувачот. Евиденцијата на реализираните часови распоред и/или доказот за испорака на опремата се поднесуваат до Купувачот за потврда во писмена форма. За дополнителни услуги, работи или материјали кои ниту се потврдени ниту се примени, не се плаќа. Ако во предметот и пресметката/понудата е наведен одреден број на дополнителни услуги/ставки, тоа не му дава право на Снабдувачот (Изведувачот) да бара исплата за изведбата на тие услуги/работи. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) смета дека се потребни измени во договорениот обем на услуги/работа, го известува Купувачот со доставување дополнета понуда во најкраток можен рок. Односните дополнети услуги/работа може да се вршат единствено по изречна писмена нарачка на Купувачот, врз основа на дополнета нарачка /измена/договор.

   Договорната цена ги вклучува сите трошоци за монтирање/инсталација/интеграции и за работите извршени од страна на подизведувачи (доколку ги има) на Снабдувачот (Изведувачот), вклучително и сите трошоци на кои би бил изложен Снабдувачот (Изведувачот).

   Цената утврдена во договорот/нарачката/спогодбата вклучува и поднесување соодветни упатства за употреба, ракување, одржување и/или список на резервни делови и/или слична документација за корисникот, како и други документи потребни за правилна употреба на испорачаната опрема производи/услуги, на македонски и/или англиски јазик.

   Освен доколку не е поинаку договорено, Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен за стекнување и плаќање на сите дозволи за увоз и извоз или дозволи потребни за спроведување на договорот / нарачката / спогодбата.

5. Доколку Купувачот користи услуги на странски снабдувачи (изведувачи) кои подлежат на плаќање данок по задршка, тогаш Купувачот е должен од бруто-договорената цена да го задржи и уплати данокот по задршка во име на Снабдувачот (Изведувачот), под услов да постои договор за одбегнување двојно оданочување потпишан меѓу двете земји, и доколку во согласност со договорот за одбегнување двојно оданочување е дозволено намалување на данокот по задршка, тогаш Снабдувачот (Изведувачот) е должен да му ја достави потребната документација на Купувачот во оригинал при потпишување на договорот/спогодбата и да ја ажурира секоја календарска година, за Купувачот да може да се воздржи од делумно или целосно одземање на данокот

по задршка.

**Фактурирање и плаќање**

6. Фактурите се издаваат во еден примерок и се испраќаат на адресата наведена во договорот/ нарачката/ спогодбата, со наведен број на договор/нарачка. Фактурите се во согласност со Законот за даноците, во коишто конкретно се наведуваат ДДВ-бројот и поединечните даночни давачки. Фактурите што не ги исполнуваат овие услови ќе бидат одбиени од страна на Купувачот. Барањето за исплата не достасува сè додека Снабдувачот (Изведувачот) не издаде фактура во согласност со законските и договорните одредби.

7. Плаќањето се врши во рок од 30 дена по приемот на фактура во архивата на Купувачот (адреса: ул. Лазар Личеновски бр. 11, 1.000 Скопје, Република Северна Македонија), по спроведената испорака на производите/извршувањето на услугите/работите. Денот на прием на фактурата во архивата на Купувачот се смета за почетен датум за целите на пресметка на рокот за плаќање. Фактурата се доставува заедно со испратница за испорака на стоки или потпишана градежна книга за изведени работи или документ за испорака/поднесување/конечно прифаќање на извршените услуги.

   Во случај договорот/нарачката/спогодбата да содржи девизна клаузула, тогаш таа клаузула предвидува дека вредноста на стоките/услугите/работата може да биде наведена во евра, американски долари, британски фунти или друга валута, но со примена на средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија важечки на датумот на склучување на договорот или издавање на нарачката.

   Во случај да е домашно правно лице, Снабдувачот (Изведувачот) е согласен дека, во случај на каков бил долг кон Купувачот, Купувачот да може да изврши компензација на тој долг со фактура до Снабдувачот, со минимална дополнителна согласност, како на пример детали на Снабдувачот (Изведувачот) за компензација.

8. Снабдувачот (Изведувачот) не може ниту делумно ниту целосно да отстапи какви било побарувања кои се однесуваат на договорот/нарачката/спогодбата на трети лица без претходна писмена согласност. Сите известувања за пренос се упатуваат до Купувачот во писмена форма, со цел да биде правосилно и стапува на сила по писмена потврда од страна на Купувачот.

9. Потребна е писмена потврда од Купувачот за прифаќање на производи/услуги/работи, со цел тоа да биде полноважно. Ризикот преминува на Купувачот дури откако ќе бидат прифатени производите/услугите/работите на местото на испорака, во согласност со договорот/нарачката/спогодбата .

**Казни**

10. Снабдувачот (Изведувачот) е обврзан да се придржува до рокот за испорака. Во случај на доцнење во однос на рокот на испорака, се наметнува договорна казна во износ од 1% на ден од вредноста на нарачката или договорот, но најмногу 15% од вкупната вредност на договорот/нарачката. Основата за пресметка на договорната казна е вредноста на договорот/ нарачката, односно вкупниот износ, без ДДВ.

**Должности и обврски**

11. Снабдувачот (Изведувачот) е должен да му ја надомести секоја штета на Купувачот, предизвикана со неисполнување на обврските од страна на Снабдувачот (Изведувачот) кои произлегуваат од договорот/нарачката/спогодбата и од овие Општи услови за набавка.

12. Снабдувачот (Изведувачот) треба да се осигури дека неговиот персонал и сите други подизведувачи назначени од него ќе ги почитуваат законските одредби во врска со заштитата на безбедноста и здравјето на вработените и на животната средина, како и дека ќе применуваат енергетски ефикасна технологија/производи/процеси. Вработените распределени на работите од страна на Снабдувачот (Изведувачот) имаат пристап само до местата на кои се распределени од страна на Купувачот. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен за направена штета врз основа на неговата одговорност за недостатоци на материјалите и обемот на набавката (одговорност за производите), должен е да го обесштети Купувачот во случај на тужби од трети лица.

13. Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен за стоките/ услугите/ работите сè до пренесувањето на ризикот. Ризикот останува кај Снабдувачот (Изведувачот) сè до испораката на стоките/услугите/работите на утврдените локации за испорака, а по реализација на услугите, ризикот се пренесува на Купувачот. Ризикот не може да се пренесе на Купувачот ако Купувачот го раскинал договорот/нарачката/спогодбата или, пак, побарал замена или поправка на стоките / услугите / работите поради недостатоци.

14. Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен и за сите дефекти кои ќе бидат забележани дури и по преносот на ризикот, доколку тие дефекти се последица на причината што постоела и пред преносот на ризикот.

    Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен за сета причинета материјална и нематеријална штета како последица на неисполнување на овие Општи услови за набавка или условите на договорот/нарачката/спогодбата .

    Во случај Купувачот да претрпи штета чија вредност ја надминува вредноста на договорната казна, Купувачот може да бара надоместување на разликата од вредноста на договорната казна до вредноста на претрпената штета.

15. Снабдувачот (Изведувачот) е должен да постапува во согласност со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за странци во однос на странско лице вработено кај Снабдувачот (Изведувачот) или кај негов подизведувач. Пред почетокот на работата, Снабдувачот (Изведувачот) му приложува докази на Купувачот за сообразување со своите обврски без тоа да биде побарано од него, со тоа што ќе ја достави целосната соодветна документација (дозвола за престој, дозвола за работа, итн.) и ги обесштетува Купувачот, неговите извршни тела и вработени и ги ослободува од одговорност за штета и/или обврска што може да настане како последица од прекршувањето на тие обврски.

16. Снабдувачот (Изведувачот) е должен да се осигура дека стоките/услугите/работите се во согласност со најсовремената технологија и со законските одредби. Снабдувачот (Изведувачот) гарантира дека договорните стоки/услуги/работи се без дефекти. Гаранцијата подлежи на релевантните законски одредби, освен доколку не е поинаку наведено во договорот/нарачката/спогодбата . Исто така, со гаранцијата се опфатени сите дефекти кои ќе настанат во текот на важноста на гаранцијата. Снабдувачот (Изведувачот) е должен да приложи доказ за извршување на работите согласно со договорот и без недостатоци. Доколку отстранувањето на одреден недостаток резултира со трошоци за демонтирање и инсталација и дополнителни трошоци, истите се на товар на Снабдувачот (Изведувачот). Снабдувачот (Изведувачот) е обврзан или да ги поправи

сите дефекти што ќе настанат во текот на важноста на гаранцијата во најкраток можен рок или да ја замени стоката/услугата/работата со нова стока/услуга/работа на барање на Купувачот по негов сопствен избор, во рокот одреден од Купувачот или рокот утврден во договорот/нарачката/спогодбата. Купувачот може да прифати стоки/услуги/работи со резерва и без проверка на стоките/ услугите / работите; при што проверката се врши на крај. Меѓутоа, доколку Снабдувачот (Изведувачот) не ги исполни неговите обврски коишто произлегуваат од гаранцијата и/или доколку дефектот мора да се санира од трета страна, Снабдувачот (Изведувачот) ги сноси сите трошоци за таквата работа.

17. Снабдувачот (Изведувачот) е одговорен за штетата предизвикана со постапки или пропусти на Снабдувачот (Изведувачот), неговиот персонал или подизведувачи, или неговите индиректни застапници во рамките на испораките или услугите или работите и во врска со нив, како и за штета предизвикана од материјалите или делови од материјалите што тие ги користат. Снабдувачот (Изведувачот), исто така, е одговорен за сите материјали, делови или други ставки кои Купувачот или други друштва му ги доставиле на Снабдувачот (Изведувачот) поради инсталација или складирање. Во секој случај, Снабдувачот (Изведувачот) треба да докаже дека штетата не е предизвикана поради вина на Снабдувачот (Изведувачот), неговиот персонал или подизведувачи или индиректни застапници. Тоа се однесува и на мала и на груба небрежност. Снабдувачот (Изведувачот) го обесштетува Купувачот и го штити од тужби против Купувачот од страна на вработен или трета страна за штета настаната во текот на реализацијата на договорот/нарачката за набавка/спогодбата.

18. Снабдувачот (Изведувачот) е должен на сопствен трошок да обезбеди соодветно осигурување од одговорност што ги опфаќа сите ризици од одговорност што произлегува од законските одредби и од договорот/нарачката/спогодбата . Осигурувањето, исто така, треба да ја опфаќа и одговорноста на персоналот на Снабдувачот (Изведувачот), како и на неговите подизведувачи и други индиректни застапници ангажирани од страна на Снабдувачот (Изведувачот) во текот на спроведувањето на договорот/ нарачката.

19. Доколку Снабдувачот (изведувачот) не ги исполни своите обврски, а е навремено информиран за неисполнување на договорните услови, Купувачот има право да побара од Снабдувачот (Изведувачот) да го исполни неисполнетиот дел од договорот/нарачката/спогодбата или да пристапи кон нова испорака на стоки / услуги / работи без дефекти или да побара намалување на вредноста на фактурата или, пак, да го раскине договорот/нарачката/спогодбата .

**Сопственички права**

20. Снабдувачот (Изведувачот) е целосно одговорен и ќе го заштити Купувачот во однос на сите активности, прашања, барања, причини за барања, загуби, причинители на штета на Купувачот, судски постапки и сите трошоци од каков и да е вид или природа кои може да настанат кај Купувачот, доколку Снабдувачот (Изведувачот) прекрши заштитено право на трета страна од индустриска/интелектуална сопственост/патенти/трговски знак, односно Снабдувачот (Изведувачот) е целосно одговорен за заштитата на правата на трета страна од идустриската/ интелектуална сопственост /заштитата на патенти/трговски знак. Снабдувачот (Изведувачот) го прифаќа тоа и е целосно одговорен во врска со гаранцијата на законските барања во однос на стоките/услугите/работите.

Снабдувачот (Изведувачот) го обесштетува Купувачот во однос на сите покренати постапки и надомест на штети кои произлегуваат од судски одлуки, даноци и адвокатски трошоци, како резултат на каква било повреда на индустриска/интелектуална сопственост/патент/трговски знак, на прво барање на Купувачот.

**Доверливост и заштита на лични податоци**

21. Во текот на реализација на договорот/нарачката/спогодбата, Снабдувачот (Изведувачот) не смее без претходна писмена согласност на Купувачот да открива детали за договорот/нарачката/спогодбата или за кои било други одредби од договорот, или спецификации, информации, итн., поднесени од страна на Купувачот во врска со договорот/нарачката/спогодбата, пред трети страни, со исклучок на лица кои се овластени од Купувачот и тие се сметаат за деловна тајна, освен за друштвата на ЕВН АГ.

Снабдувачот (Изведувачот) и Купувачот се должни да ги третираат како доверливи сите информации, документи, службени писма, технички планови и оперативни информации поврзани со исполнувањето на одредбите во договорот/нарачката/спогодбата, како и сите други податоци поврзани со другата страна, нејзиниот состав, организација, финансиско работење, технологија на работа, деловни односи, маркетиншки планови и услуги, вклучувајќи и копии на податоци стекнати на кој било начин од другата договорна страна или, пак, стекнати на кој и да е поинаков начин во текот на важноста на договорот/нарачката/спогодбата (во натамошниот текст: Доверливи податоци). Без разлика на начинот или обликот во којшто тие се разменуваат и без оглед дали се во усна, писмена или електронска форма, Доверливите податоци се сметаат за деловна тајна и нивната употреба од страна на договорните страни е ограничена, со единствена цел на преземање активности насочени кон исполнување на испораката/услугата што е предмет на договорот/нарачката/спогодбата. Доверливите податоци им се единствено достапни на нивните вработени и одговорни лица, врз основа на нивните овластувања за вршење одредени задачи во согласност со доделените работни обврски и задачи, како и само до степенот до кој тоа е потребно за тие лица да ги исполнат нивните задачи во согласност со договорот/налогот/спогодбата, и тие вработени се обврзуваат со договор да ја штитат доверливоста на податоците.

Договорните страни се особено обврзани:

- да не ги откриваат доверливите податоци пред трета страна без претходна писмена согласност или инструкција. Во контекст на овој член, изразот „откривање“ значи овозможување пристап на трета страна до тие податоци, без оглед на формата и на тоа дали станува збор за непосреден или посреден увид во податоците или усно пренесена информација, без оглед на степенот до којшто тие се откриваат, односно делумно или целосно и без оглед на тоа дали се откриени со намера или поради небрежност.
- да не ги употребуваат доверливите податоци директно или индиректно за лична придобивка или во корист на трета страна;
- да ги вратат или, доколку тоа им биде наложено, да ги уништат сите доверливи податоци, односно материјали и средства што содржат доверливи податоци во врска со другата договорна страна, вклучувајќи ги сите примероци, без оглед на формата во која се обезбедени, на барање на другата страна или веднаш по завршувањето на задачите на коишто се однесуваат доверливите информации.

Доколку договорните страни ангажираат подизведувач во својство на партнер при исполнувањето на договорот/нарачката/спогодбата, тогаш подизведувачот е законски обврзан да ја почитува доверливоста на податоците и веќе утврдените услови на овој договор/ нарачка. Понатаму, договорната страна којашто

ангажирала подизведувач е одговорна кон другата договорна страна за заштита на доверливоста на податоците кои би се размениле како дел од реализацијата на овој договор/куповен налог, како и за надомест на штета настаната како резултат на непридржување до горенаведената должност.

Договорните страни остваруваат заемна соработка, со цел да утврдат какви било сомнителни, незаконски, лажни или несоодветни активности и технички дефекти во рамките на системот, и должни се да преземат мерки за нивно надминување.

Договорните страни може да извршуваат одредени активности во рамките на овластувањата предвидени со овој договорот/нарачката/спогодбата и во рамките на законските ограничувања, и тие може да не се вршат за која било друга цел или да се доставуваат до трети страни.

22. Обврската за заштита на личните податоци и чувањето на деловната тајна е задолжителна од моментот кога се дознаваат и таа обврска останува на сила во текот на важноста на договорот/нарачката/спогодбата, како и по раскинување на договорот. При обработка на личните податоци, договорните страни се должни да постапуваат во согласност со Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија и поврзаните интерни акти со кои се регулира заштитата на личните податоци. Секоја договорна страна е должна да ја надомести секоја штета настаната како резултат на повреда на договорните обврски поврзани со доверливоста и заштитата на лични податоци утврдени со овој договор/нарачка/спогодба.

Кога договорниот однос е раскинат од која било причина, страните се заемно обврзани да ѝ ги вратат личните податоци на другата страна без одложување. Откако ќе се исполни целта за којашто се прибрани личните податоци, тие се бришат од базата на податоци.

Договорните страни се должни да применуваат соодветни технички и организациски мерки за да ги заштитат личните продатоци од ненамерно или незаконско уништување, бришење, модификација, обелоденување или неовластен пристап.

Договорните страни се согласни да постапуваат исклучиво во согласност со насоките добиени од другата договорна страна при обработка на личните податоци на нивните крајни корисници.

Договорните страни се должни да применуваат соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, во согласност со процедурата на Купувачот за заштита на лични податоци и неговиот Правилник за заштита на индивидуалното право на приватност при обработка на лични податоци кај Купувачот и документација со опис на техничките мерки, со цел да се обезбедат тајноста и заштитата при обработката на личните податоци пропишана од страна на Агенција за заштита на лични податоци.

Доколку Снабдувачот (Изведувачот) ангажира подизведувач како партнер при исполнувањето на условите во договорот/нарачката/спогодбата, тогаш Снабдувачот (Изведувачот) е должен да го обврзе подизведувачот да спроведе технички и организациски мерки за заштита на личните податоци. Обврската за доверливост на податоците е на сила 2 (две) години по денот на којшто е раскинат договорот / куповниот налог.

**Пренос на обврски**

23. Снабдувачот (Изведувачот) не смее делумно или целосно да ги пренесе обврските кои произлегуваат од договорот без писмена согласност на Купувачот. Преносот на обврските не го ослободува Снабдувачот (Изведувачот) од каква било одговорност, гаранција или друга договорна обврска. Договорните страни може да ги пренесуваат, да отстапуваат од, да ги изедначат или на поинаков начин да ги оттуѓат сите или дел од правата и обврските кои произлегуваат од договорот/нарачката/спогодбата дури откако истиот ќе стапи на сила и само со претходна писмена согласност на другата договорна страна, која се дава во рок од 30 дена по приемот на релевантното барање на писмената согласност, а доколку во рамките на горенаведениот временски период не е добиена писмена согласност, тогаш таа се смета за одбиена.

Снабдувачот (Изведувачот) гарантира дека секој поддоговор што го склучува ги содржи релевантните одредби на договорот/нарачката/спогодбата. Пренос или склучување поддоговор што се коси со оваа одредба се смета за неважечки, ништовен и без правна сила во однос на Купувачот и не се зема предвид од страна на Купувачот.

Снабдувачот (Изведувачот) го штити, ослободува и чува Купувачот од сите тужби, барања, дејствија, процеси, штети, загуби, даноци или трошоци кои се претрпени, настанати или поврзани со преносот или склучувањето поддоговори.

Купувачот има право да го пренесе договорниот однос, вклучително и сите права и обврски што произлегуваат од него, на поврзано друштво, во согласност со Законот за облигациони односи и Законот за трговските друштва.

**Раскинување**

24. Договор /нарачка /спогодба се раскинува:
- со спогодба, на барање на една или двете договорни страни
- доколку Снабдувачот (Изведувачот) не ги исполнува обврските согласно договорот/нарачката, по известување доставено најмалку 10 (десет) дена претходно
- во случај на стечај, отпочнување постапка за ликвидација на Снабдувачот (Изведувачот) или во случај на несолвентност на Снабдувачот (Изведувачот) од која било друга причина
- од страна на Купувачот, без никаква причина, со известување доставено 30 (триесет) дена пред датумот на којшто Снабдувачот (Изведувачот) го примил барањето за раскинување на договорот / нарачката
- веднаш и без рок за известување, доколку Снабдувачот (Изведувачот) не исполни некоја од договорните обврски што може значително да влијае врз работењето на Купувачот.

25. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) не ги исполни обврските во однос на реализацијата на договорот, Купувачот има право или да инсистира на исполнување на предвидената работа во согласност со договорот или да достави писмено известување за негово откажување од договорот, во кое наведува соодветен грејс-период, ако предвидената работа не се реализира во текот на горенаведениот грејс-период. Освен тоа, Снабдувачот (Изведувачот) е должен да ја плати штетата претрпена од страна на Купувачот. Доколку е тоа законски прифатливо во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи, Купувачот има право веднаш да го поништи договорот во случај на неликвидност, презадолженост или значително влошување на финансиската состојба на Снабдувачот (Изведувачот) или, пак, доколку постапката за несолвентност што се води против Снабдувачот (Изведувачот) биде отфрлена поради недоволно средства за покривање на трошоците на постапката. Исто така, Купувачот има право да го поништи договорот во случај на промена на сопственичата структура на Снабдувачот (Изведувачот) за повеќе од 50% или во случај на друга де факто промена на контролата. Во случај на такво поништување, Купувачот ќе плати само износ што е соодветен на веќе обезбедените стоки,

испораки/услуги/работи од страна на Снабдувачот (Изведувачот), под услов Купувачот да може истите да ги искористи во согласност со утврдените договорни цели. Купувачот во ниту еден случај не е должен да плати повеќе од пропорционалниот надоместок.

**Меродавно право/ месна надлежност**

26. Законот за облигациони односи и другите важечки закони и прописи во Република Северна Македонија се применуваат во однос на одредбите за гаранција и другите одредби дефинирани во овие Општи услови за набавка и/или во договорот/нарачката/спогодбата .

27. Граѓанскиот суд Скопје за стопански предмети, Република Северна Македонија, е судот со единствена месна надлежност за двете договорни страни. Сепак, Купувачот има право да поднесе тужба против Снабдувачот (Изведувачот) и во неговото место на надлежност. Се применуваат македонските закони; Конвенцијата на Обединети нации за договори за меѓународна продажба на стоки и начелата за судир на закони од Регулативата Рим I се неважечки. Договорот е сочинет на македонски јазик, освен доколку не е поинаку наведено во договорот/нарачката.

**Други одредби**

28. Доколку одделни одредби на постојните Општи услови за набавка на Групацијата ЕВН Македонија се или станат делумно или целосно неправосилни, неважечки или неспроведливи, тоа не влијае врз важноста на останатите одредби. Наместо одредбите кои се неправосилни, неважечки или неспроведливи, договорните страни усвојуваат регулатива којашто во најголема можна мера одговара на целта на неправосилната, неважечката или неспроведливата одредба, во согласност со намерата на страните и со намерата и целите на склучениот договор.